# Исплатени четворица корисници на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, четворица корисници кои потпиша Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 293.333 денари на корисникот Блажо Стојановски од Вардарскиот плански регион за обновување на постоечки лозови насади. Од вкупно исплатените средства  220.000 денари се средства од буџетот на ЕУ и 73.333 денари се национален дел.

На корисникот Анѓел Захариев од Вардарскиот плански регион исплатени се средства во износ од 281.600 денари од кои 211.200 денари се средства од буџетот на ЕУ и 70.400 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Ристе Василески од Југозападниот плански регион  исплатени се средства во износ од 134.333 денари од кои 100.750 денари се средства од буџетот на ЕУ и 33.583денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Трајко Михајлов од Вардарскиот плански регион  исплатени се средства во износ од 252.267 денари од кои 189.200 денари се средства од буџетот на ЕУ и 63.067 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.